# ГРАД СКОПЈЕ

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Секретар на Град Скопје**

**ПОВЕРЕНИК:** **Раководител на Сектор за финансиски прашања**

## ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година

Скопје, јануари 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Град Скопје, на _______________ седница одржана на ________ 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година изнесува **81,6** денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

Број _________________
______ 2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 88 став 2 од Законот за административни службеници, Советот на Град Скопје со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на Градоначалникот на Град Скопје, а во рамки на предвидениот буџет за 2023 година и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа.

Почитувајќи ги одредбите на член 88 став 4 од Законот за административни службеници, вредноста на бодот на државните службеници во Град Скопје, не може да изнесува повеќе од вредноста на бодот за државните службеници вработени во органите на централната власт.

Со оглед на наведеното, Градоначалникот предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.